Број 115
Април 2022

# S-WORK






# Белгија е првата земја во Европа која ја декриминализираше сексуалната работа

На 18.03.2022 година, Белгија ја декриминализираше сексуалната работа.

Со 70 гласа ЗА, 4 гласа ПРОТИВ и 41 глас ВОЗДРЖАН, Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа се изгласа на пленарната седница на Владата на Белгија во 13:35 часот.

Ова е огромен чекор напред за правата на сексуалните работници и заслужена победа по 30-годишната борба на сексуалните работници во Белгија.

Благодарение на членовите на Синдикатот на организирани независни сексуални работници од Белгија – UTSOPI, кои заедно со своите партнери и со поддршката од Министерот за правда и Владата на Белгија, во изминатата година напорно работеа на изготвување на Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа со цел да се укине стариот белгиски закон со кој претходно се криминализираше сексуалната работа.

**Што точно се менува со новиот закон?**

**1.** Во однос на услугите за сексуалните работници:

- Трети лица инволвирани во сексуалната работа повеќе не се криминализирани. Отворањето банкарски сметки, креирање веб-страница, осигурување и издавање простор на сексуални работници повеќе не се сметаат за кривично дело. Самовработените сексуални работници ги добиваат истите права како и другите самовработени лица во други сектори.

**2.** Во однос на рекламирањето:

Рекламирањето останува забрането, со следниве исклучоци:

- Доколку сексуалните работници ги рекламираат сопствените услуги;

- Доколку се рекламираат сексуални услуги на места како на пример Интернет платформи, медиуми, весници кои се специјализирани за оваа намена. Сепак, рекламирањето на сексуални услуги на јавни места како на пример постери на јавни локации, автобуски постојки и билборди на автопати не е дозволено;

Доплонително, Интернет платформите на кои се рекламираат сексуалните услуги мора да покажат дека прават разумни напори во борбата против злоупотребата на проституцијата и трговијата со луѓе. Случаите на злоупотреба и трговија со луѓе мора веднаш да се пријават до полицијата и судските органи.

**3.** Во однос на водењето бизнис:

Подведувањето е забрането, но е строго дефинирано за да може да се направи разлика помеѓу меѓусебно организирање на сексуалните работници од една страна и експлоатација од друга страна. Под подведување се подразбира принудување и организирање на други лица да даваат сексуални услуги за своја материјална корист.

Што значи организирање сексуална работа на друг? Ова се однесува на случаи кога некој добива материјална корист од работата на сексуалните работници или за координирање на активности на повеќе сексуални работници (утврдување распоред за работа, работни часови и сл.), а не се однесува и не ги опфаќа случаите во кои самовработените сексуални работници изнајмуваат заеднички простор во кој организирано нудат сексуални услуги.

Под подведување спаѓа и следново:

- Промоција и поттикнување на проституцијата со цел да се добие директна или индиректна економска корист.

- Злоупотреба на сексуални услуги што ги нуди друго лице. На пример, барање прекумерна кирија за сексуални работници или барање сексуални услуги покрај редовното плаќање од страна на закуподавачите. Дозволено е издавање хотелска соба на самовработени сексуални работници по нормална цена. Доколку се изнајми хотелска соба по двојно повисока цена бидејќи се издава на сексуален работник, истото е казниво со закон.



- Преземање мерки за спречување или отежнување на лице кое сака да ја напушти сексуалната работа.

**4.** Забрана за јавно поттикнување на сексуална работа

Останува забрането јавното поттикнување на сексуалната работа, што значи дека е забрането со закон нудење на било какви средства за да се поттикне некого јавно да нуди сексуални услуги.

**5.** Забрана за прогласување на договор за ништовен и неважечки:

Ова е уште еден закон одобрен од Сојузниот парламент на Белгија неколку недели пред да се донесе законот за декриминализација.

Пред овој закон, во случај на спор меѓу сексуална работничка и друго лице, лицето можело да побара од судот да го прогласи договорот за ништовен.

Според Граѓанскиот законик во Белгија, сексуалната работа не е во согласност со јавниот морал, затоа секој договор со сексуална работничка може да стане правно невалиден.




# Рушење на митовите поврзани со Шведскиот модел:

## 10 научно базирани докази што ги разобличуваат клучните тврдења за придобивките од криминализацијата на клиентите

Моделот за регулација на сексуалната работа со кој се криминализира купувањето секс кој за првпат беше усвоен со закон во Шведска во 1999 година, е усвоен уште од шест европски земји (Норвешка 2009, Исланд 2009, Северна Ирска 2015, Франција 2016, Република Ирска 2017) и две земји од други континенти (Канада 2014, Израел 2017).

Сексуалните работници постојано известуваат дека криминализирањето на клиентите ја загрозува нивната благосостојба, безбедност и здравје, ја намалува нивната моќ да преговараат со клиентите, принудувајќи ги да работат во изолација, а како последица на тоа, сексуалните работници се изложени на поголем ризик од насилство и криминал.

Дополнително, тврдењата за придобивките од Шведскиот модел од неговите поддржувачи не се поткрепени со докази. Според извештајот од Амнести Интернешанл, во земјите каде сексуалните работници не се декриминализирани има зголемен број случаи на трговија со луѓе, при што жртвите на трговија со луѓе станаа уште поранливи во системот на криминализација.

Во информативниот лист, кој го објавија ESWA - Европската алијанса за правата на сексуалните

работници, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден за правата на сексуалните работници, се разобличуваат 10 клучни тврдења за придобивките од криминализацијата на сексуалната работа, од страна на поддржувачите на „Шведскиот модел“:

**1. Проституцијата секогаш претставува сексуална експлоатација**

Ова тврдење имплицира дека сексуалните работници секогаш се жртви на експлоатација. Кога сексуалните работници се спротивставуваат на овој став, тврдејќи дека ја работат оваа работа по слободен избор, за нив се вели дека не се свесни за изборот и нивните мислења се сметаат за ирелевантни и несигурни. Ваквиот став, исто така, промовира неоколонијалистичка спасувачка култура, според која сексуалните работници треба да бидат спасени, односно да им се понуди помош за да излезат од проституцијата и предлага решенија за рехабилитација на „спасените“ жртви без разлика на нивните вистински лични искуства. Со ваквиот пристап се прикриваат вистинските случаи на експлоатација и насилство, а притоа не може да им се даде потребната помош на вистинските жртви и предизвикува потешкотии во идентификувањето на експлоататорите.

**2. Проституцијата, дефинирана како сексуална експлоатација, е во спротивност на членот 3 (2.ц) од Повелбата за основните човекови права на ЕУ**

Се повеќе застапувачи на Шведскиот модел погрешно се повикуваат на член 3 (2.ц) од Повелбата за основните човекови права на ЕУ, каде се наведува „забрана за користење на човечкото тело и негови делови како извор на финансиска добивка“. Меѓутоа, ова упатство не ја опфаќа сексуалната работа или сексуалната експлоатација и се однесува исклучиво во контекст на биомедицината. Навистина, слично како и кај многу други професии, каде што се инволвирани физички контакти, така и во сексуалната работа, сексуалните работници продаваат услуги, а не делови од телото.

**3. Проституцијата ја поттикнува трговијата со луѓе за сексуална експлоатација**

Трговијата со луѓе за сексуална експлоатација постои, меѓутоа организациите на сексуалните работници се силни противници на истата. Всушност, токму криминализацијата на сексуалната работа и миграцијата често доведуваат до поголема експлоатација. Постоењето на трговија со луѓе во сексуалната индустрија не треба да доведе до погрешен заклучок дека сексуалната работа е главниот причинител. Според оваа логика, би требало да претпоставиме дека и другите сектори каде често се случува трговија со луѓе, како што се земјоделството и градежништвото, треба да се затворат за да се спречи било каква форма на експлоатација.

**4. Проституцијата е патријархално угнетување врз жените од страна на мажите**

Сексуалната работа, како и другите форми услужни дејности, претежно ја вршат жени и ЛГБТИ лица, додека клиентите се претежно мажи. Сексуалната работа се одвива во патријархално општество каде мажите имаат повеќе ресурси и поголема моќ од жените. Сепак, сведувањето на сексуалната работа на „патријархално угнетување“ е сосема погрешно, бидејќи многу од сексуалните работници можат да бидат (сис) жени, но исто така и мажи, или ЛГБТИ лица.

**5. Проституцијата претставува финансиски товар**

Со ваквото тврдење од страна на поддржувачите на Шведскиот модел се занемарува фактот дека сексуалната работа обезбедува приход на стотици илјади луѓе во Европа, особено оние кои работат со храна и транспорт. Освен тоа, доколку сексуалната работа се декриминализира, сексуалните работници би имале корист од зголемената безбедност на своите работни места, полесен пристап до здравствени информации, превенција и редовни проверки и со тоа би избегнале скапи третмани за намалување на ризикот од пренос и изложеност на заканувачки болести. Наместо тоа, полицијата и „програмите за рехабилитација“, промовирани од земји кои ја криминализираат сексуалната работа, имаат потреба од огромни јавни ресурси и истите се покажаа како неефикасни.

**6. Проституцијата предизвикува проблеми со менталното здравје**

Менталното здравје е сериозен проблем на кој треба да се пристапи многу внимателно. Како и многу други групи луѓе, кои се социјално исклучени, маргинализирани, угнетени и криминализирани, така и сексуалните работници се соочуваат со проблеми поврзани со нивното ментално здравје. Меѓутоа, овие проблеми не се предизвикани од сексуалната работа, особено земајќи го предвид фактот дека експлоатирачките работни услови се влошуваат со криминализирање на сексуалната работа. Се разбира, менталното здравје е загрижувачко кога сексуалните работници се силно стигматизирани, дискриминирани и отфрлени. Меѓутоа, кога сексуалните работници се криминализирани, ризиците поврзани со менталното здравје се зголемуваат: сексуалните работници се повеќе се трауматизираат плашејќи се од можноста да бидат уапсени или протерани од страна на властите.




Згора на тоа, за сексуалните работници-мигранти без документи, заканата дека ќе бидат притворени и депортирани е многу поголема и може да им предизвика дополнителен страв. На сексуалните работници кои имаат проблеми со менталното здравје им е потребна поддршка, а не дополнителна криминализација.

**7. Со имплементација на Шведскиот модел, проституцијата ќе исчезне**

Нема докази дека бројот на сексуални работници е намален во земјите кои ги криминализира сексуалните работници или нивните клиенти. Наводно, во Северна Ирска бројот на луѓе кои продаваат секс се зголемил во годините по спроведувањето на нео-аболицискиот модел. Преминот на работа од отворено во затворено во многу земји се должи и на фактот што криминализацијата на клиентите се случи во фаза на дигитализација на сексуалната работа, кога во многу земји сексуалната работа - како и другите форми на работа - се префрли на Интернет. Сепак, дури и сексуалната работа на улица, која беше главна цел за криминализирање, не исчезна, како на пример во Шведска или Норвешка, туку стана помалку видлива. Навистина, под вакви услови, сексуалните работници мораа да бараат алтернативни начини за работа за да избегнат да бидат фатени, а тоа значи и да прифаќаат работа во понебезбедни услови и места и со потенцијално поопасни клиенти.

**8. Со Шведскиот модел, жртвите (т.е. сите проститутки) се декриминализирани**

Шведскиот модел законски не ги гони сексуалните работници за нивната професија, меѓутоа ги криминализира клиентите, а тоа пак носи сериозни последици за сексуалните работници кои се

сексуална работничка од Шведска го изгубила старателството над своите деца, кои му беа доделени на нивниот татко и покрај пријавите на мајката за неговото насилно однесување. Две други сексуални работнички во Ирска, од кои едната бремена, беа осудени на девет месеци затвор со обвинение дека водела бордел со нејзината цимерка. Овие извештаи се само мал број од случаите на рации, исселување, притвор и злоупотреба со кои се соочуваат сексуалните работници. Пристапот на сексуалните работници до правда и нивната можност да пријават насилство е компромитиран од закаными дека самите ќе бидат криминализирани. Рациите, исселувањето и притворањето го прават животот на сексуалните работници понесигурен, тие се повеќе се изложени на бездомништво и сиромаштија.

**9. Со Шведскиот модел ќе исчезне трговијата со луѓе за сексуална експлоатација**

Напротив, во земјите каде сексуалната работа е криминализирана, сексуалните работници се значително поранливи и треба да се потпрат на трети лица за да најдат работа. Онаму каде се применува Шведскиот модел, улогата на трети страни сама по себе е нелегална (без разлика дали е експлоататорска или не). Во такви околности, не може да им се даде официјална заштита од експлоатација на сексуалните работници, кои се соочуваат со зголемен ризик да бидат заробени во опасни работни ситуации. Ова е особено точно ако се работи за мигранти без документи, кои се особено подложни на заплашување и принудени да работат во услови на експлоатација, со закана да бидат пријавени кај властите и депортирани во нивните матични земји. Како резултат на тоа, извештаите за случаи на трговија со луѓе всушност се зголемија во земји како Шведска, по спроведувањето на криминализацијата на сексуалната работа.

**10. Со Шведскиот модел ќе се постигне родова еднаквост**

Нема докази дека пристапот за криминализација на сексуалната работа би придонел за побезбедно општество за сите жени. Родовата нееднаквост е сложен феномен кој мора да се реши преку образование, социјални мерки, како и реформи во политиките и законите. Мерките кои имаат за цел да го решат родовото насилство преку фокусирање на зголемена криминализација, полициско работење и затворање може да направат многу луѓе и заедници поранливи и да ја продлабочат структурната, институционалната и меѓучовечката дискриминација и насилство. Сексуалните работници не треба да бидат колатерална штета во борбата за родова еднаквост и треба значајно да бидат вклучени во развојот на сите закони, политики и програми што ги засегаат.



# ГЛАВНИ ФАКТОРИ НА РАНЛИВОСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЕВРОПА

Едно нешто заедничко за сексуалните работници во земјите од Европа е нивната борба за унапредување на нивните работнички права и уживање на основните човекови права, без оглед на нивниот статус. Според Светската здравствена организација „во многу земји во Европа, сексуалните работници се сериозно стигматизирани, маргинализирани или криминализирани. Насилството, експлоатацијата и злоупотребата на човековите права на сексуалните работници се вообичаени во многу делови од светот.“

Социо-културните фактори, недостатокот на економски можности, нискиот социјален статус на жените и трансродовите луѓе, како и односот кон сексот и сексуалноста придонесуваат за зголемена ранливост на сексуалните работници. Стигматизацијата и дискриминацијата на сексуалните работници надополнети со криминализацијата на сексуалните работници и сексуалната работа, дополнително го спречува пристапот до услуги поврзани со ХИВ, правната заштита од насилство или други социјални, здравствени или образовни програми.

Петте најчесто именувани фактори на ранливост кај сексуалните работници се следниве: насилство од клиенти, полиција и организатори во сексуалната индустрија; социјална исклученост; стигма; употреба на дрога и алкохол; немање работнички права и пристап до здравствени и социјални услуги.

**1. Насилство**

Сексуалните работници најчесто се погодени од насилство од страна на клиентите, но не изостанува и фактот дека голем број насилства се случуваат и од страна на полицијата и организаторите во сексуалната индустрија. Насилството опфаќа широк спектар на закани за физичката и психолошката благосостојба на една личност и се движи од физички напади до изнуда, што ги погодува оние кои работат во затворени простории и на отворено. Многу дополнителни фактори се поврзани со прашањето на насилството, особено сузбивањето на сексуалната работа преку новите закони кои овозможуваат зголемена (правна) дискриминација, исклучување, изолација и криминализација на сексуалните работници, правејќи ги лесни мети за криминалци, грабежи, изнуди и злосторства од омраза.

**2. Социјална исклученост**

Високиот степен на стигматизација и дискриминација врз сексуалните работници водат до широка социјална изолација и исклучување на оваа заедница, бидејќи многумина се двоумат да зборуваат за тоа што го прават, додека пак голем број сексуални работници честопати се неприфатени и во нивната локална заедница. Намалувањето на финансирањето на давателите на услуги кои им овозможуваат пристап кон услуги на сексуалните работници без стигма и дискриминација го намалува опфатот на достапност и поддршка, зголемувајќи го социјалното исклучување на сексуалните работници.

**3. Стигма**

Сексуалните работници постојано се соочуваат со осуда дека не донеле „прифатлива" одлука за тоа како да заработат за живот преку изборот да продаваат сексуални услуги. Иако сексуалната работа сама по себе не е кривично дело во Европа, стигматизирањето на сексуалните работници е сè почесто општествено и правно „прифатливо" во многу земји, на пример преку политики и закони кои се обидуваат да ги криминализираат оние кои работат во сексуалната индустрија, како и клиентите на сексуалните работници.

**4. Употреба на дрога и алкохол**

Употребата на дрога кај сексуалните работници кои работат на отворено е на високо ниво. Покрај тоа, многу сексуални работници работат за да ја поддржат зависноста од дрога и на нивните партнери, покрај нивната. Финансиските притисоци поради зависноста ги тера сексуалните работници да преземаат ризици кога се занимаваат со сексуална работа. Голем дел од корисниците кои инјектираат дроги имаат зголемен ризик од ХИВ инфекција, додека мешањето различни лекови го намалува капацитетот на сексуалните работници да преговараат за употребата на кондоми со своите клиенти и да обезбедат безбедни работни услови.

**5. Недостиг на работнички права и пристап до услуги за социјална и здравствена заштита**

Недостигот на работнички права и пристап до социјални и здравствени услуги е петтиот највисок фактор на ранливост на сексуалните работници. Сексуалните работници често се соочуваат со ограничен пристап до социјални и здравствени услуги во Европа. Тешко е да се добие целосен опсег на јавното здравствено осигурување на сексуалните работници, бидејќи нивните активности не се формално признати на пазарот на труд, ниту пак ги уживаат работничките права. Бидејќи сексуалната работа не е формално призната како професија не постојат програми или политики кои го поддржуваат здравјето и благосостојбата на сексуалните работници.



# Стратешки пристап на СТАР-СТАР за периодот од 2022 до 2025 година кон проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници во Република Северна Македонија

И покрај досегашните заложби на СТАР-СТАР во насока на подобрување на општествениот контекст во кој живеат и работат сексуалните работници, како и борбата за заштита на нивните човекови права, сексуалните работници во Северна Македонија сè уште се соочуваат со бројни проблеми кои доведуваат за нивната маргинализација и ги прават ранлива категорија граѓани. Преку стратешко планирање и во консултација со заедницата, а потврдено со бројните организациски и граѓански истражувања, СТАР-СТАР лоцираше повеќе проблематични области на кои ќе се посвети во идниот стратешки период со цел да се унапреди статусот на сексуалните работници преку активности, интервенции и алатки за активна граѓанска вклученост кои ќе придонесат кон развојот на демократско и праведно општество во кое се почитуваат сите човекови права и слободи на женските, машките и трансродовите сексуални работници.

Сексуалните работници во Северна Македонија се една од најмаргинализираните категории граѓани кои се соочуваат со **повеќеслојна дискриминација и осуда**, кои пак водат кон **насилство и прекршување на нивните основни човекови права.** Најчесто поради јавната и институционалната стигма поврзана со сексуалната работа, насилството врз сексуалните работници поминува недокументирано и непроцесирано, а сексуалните работници немаат доверба во институциите. Дополнително, поради конзервативните и застарени општествени вредности кон сексот и човековите тела, сè уште постои **родова нееднаквост, хомофобија и трансфобија** кои интерсекциски се испреплетуваат со дискриминацијата кон сексуалните работници со различни идентитети. Непризнавањето на сексуалната работа како труд и занимање преку одземање на основниот човеков императив за интегритетот над сопственото тело води кон **економска и социјална ранливост на сексуалните работници**, а нивната маргинализација го отежнува пристапот до пазарот на трудот и ја загрозува нивната егзистенција, но и егзистенцијата на нивните семејства. Дополнително, стигмата и дискриминацијата ги оддалечува сексуалните работници од редовната здравствена заштита, особено од јавните сервиси и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кои поради видот на работата се повеќе од неопходни.

Сексуалната работа по слободен избор не е исто со трговијата на луѓе и принудна проституција кои како општествени проблеми бараат сериозен пристап и политики. Сепак, тековните политики и закони не ги препознаваат сексуалните работници кои доброволно и по слободен избор одлучиле да се занимаваат со сексуална работа, а таквиот пристап **ги**

**криминализира** и ги отфрла од системот на **правна и социјална заштита.** Поради тоа, сексуалните работници лесно стануваат предмет на физичка и сексуална злоупотреба од страна на нивните клиенти, партнери или членови на семејство, полицијата, па дури и на интернализирано насилство.

Врз основа на проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници, СТАР-СТАР ќе го насочи своето делување кон три клучни стратешки приоритети во периодот од 2022 до 2025 година, кои ќе придонесат кон решавање или намалување на проблемите. Секој од овие стратешки приоритети се фокусира на неколку резултати кои организацијата има за цел да ги постигне преку спроведување низа активности, интервенции и процеси во рамки на своите програми.

За таа цел СТАР-СТАР за првпат ја разви својата теорија на промени која претставува генерален графички приказ и појаснување за тоа зошто се потребни промени, на кој начин ќе се случат и како промените ќе придонесат кон решавање на проблемите на женските, машките и трансродовите сексуални работници.

**Теорија на промени**



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.